27031

Музбутна

Вечер, Скопје, 20. XI. 1980, број, 14.

# Монографии на македонски уметници

**Во серијата монографии за најзначајни македонски ликовни уметници кои заеднички ги подготвуваа Музејот на современата уметност во Скопје и издавачката куќа „Македонска книга" на скоро ќе се појави ново издание — Приказ на животот и делото на Томе Владимирски, претставник на најстарата генерација сликари.**

Со издавањето на ова дело продолжува мошне успешната соработка меѓу Музејот и „Македонска книга" во подготвување на богато документирани, први од таков вид во Македонија монографии за ликовни творци што трајно се запишале во историјата на македонското ликовно и културно наследство.

Во истиот циклус досега се излезени книгите во кои целосно се претставени уметниците Спасе Куновски, Љубомир Белогаски, Ванчо Георгиевски, Борко Лазевски и Димо Тодоровски.

— Во следните пет години, вели директорот на Музејот на современата уметност во Скопје Соња Абаџиева Димитрова, се планира издавањето на уште пет до десет уметнички монографии кои, како оние веќе излезените ќе содржат комплетни биографии на уметниците со по 50 црно—бели и 10 репродукции во боја на нивните најзначајни уметнички дела како и низа други значајни податоци.

**— Охрабрени од успехот и интересот за првите монографии за македонските уметници, размислуваме — вели Абаџиева — во слични книжевни изданија да обработиме и одделни правци кои и дале на ликовната уметност во Македонија највидлив печат, како на пример: монументалната пластика, надреализмот и апстрактната уметност. — Со тоа сакаме да го збогатиме скромниот фонд на изданија кои говорат за уметноста на ова почва.**